РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-133/3

25-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.12/19,), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 46-та седница одржана на 19.02.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2148/1 од 08.06.2020 година оформен по пријава поднесена од познат подносител до ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2148/1 од 08.06.2020 година од причина што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2148/1 од 08.06.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости преземени од Наќе Чулев во време кога ја вршел функцијата министер за внатрешни работи поврзани со набавка на два мобилни уреди (телефони) во вкупна вредност од 173.980, оо денари, односно во поединечна вредност од 86.990,00 денари, што не е во согласно со максимално дозволениот износ по телефон утврден во Правилникот на Министерството за внатрешни работи за користење на службени мобилни телефони и службени претплатнички идентификациони модули.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-2148/2 од 21.10.2020 година до Министерството за внатрешни работи со кое се побара во рамките на своите законски надлежности да достави целосна информација за тоа дали во периодот додека функцијата министер за внатрешни работи ја вршел Наќе Чулев биле набавени два мобилни уреди (телефони), за која вредност (поединечно по телефон и вкупна вредност) и врз основа на кој правен акти е извршена таа набавка. Кон информацијата да се достави копие од Правилникот на Министерството за внатрешни работи за користење на службени мобилни телефони и службени претплатнички идентификациони модули, кој важел во време кога е извршена споменатата набавка.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Министерството за внатрешни работи.

Со одговор со број Рег. бр. 18.1.87566/1 од 05.11.2020 година Министерството за внатрешни работи ја извести ДКСК дека двата телефони кои се набавени за Наќе Чулев, во време кога ја вршел функцијата Министер за внатрешни работи, се прибавени од добиената субвенција што ја овозможува мобилниот

оператор при склучување на Договорот за набавка на услуги од мобилната телефонија за потребите на Министерството и вработените во него. Во насока на натамошна проверка на наводите во конкретниот предмет и утврдување на фактичката состојба, ДКСК со Барање за прибирање на подаотци и информации број 12-133/1 од 11.01.2021 година побара од Министерството за внатрешни работи да достави информација за поединечната вредност на двата мобилни уреди (телефони), кои биле набавени за Наќе Чулев додека ја вршел функцијата министер за внатрешни работи.

Во доставениот одговор на Министерството за внатрешни работи со бр. 18.1-4502/1 од 20.01.2021 година е доставена фактура во која е износот односно поединчената вредност на двата мобилни уреди (телефони) кои биле набавени за Наќе Чулев додека ја вршел функцијата министер за внатрешни работи.

Од увидот во приложената фактура е наведено дека поединечната вредност на мобилниот уред (телефон ) изнесува 73.720, 34 денари без ДДВ, или вкупниот износ за двата телефони е 147.440, 68 денари без ДДВ, за што е даден попуст од 147.439,83 денари и вкупно за наплата 1 ,00 денар.

Имајќи во предвид сето горе споменато, ДКСК по увидот во прибавената документација од Министерствто за внатрешни работи констатира дека двата телефони кои се набавени за Наќе Чулев, во време кога ја вршел функцијата Министер за внатрешни работи, се набавени од добиената субвенција што ја овозможува мобилниот оператор при склучување на Договорот за набавка на услуги од мобилната телефонија за потребите на Министерството и вработените во него, поради што наводите во пријавата не се потврдени па оттаму заклучи дека нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
м-р Шемши Салаи